**20261883034**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 17 став 19 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.288/21, 170/24 и 101/25), министерот за транспорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ДОБИВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ ЗА ОБУЧУВАЧИ ЗА СОВЕТНИК ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ И СОДРЖИНАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на добивање на сертификатот за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи и содржината на програмата за обука.

Член 2

Сертификатот за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи се добива по положен испит за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи кој се полага по претходно спроведена обука за стручно оспособување согласно член 17 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.

Член 3

Полагањето на испитот од член 2 на овој правилник се спроведува врз основа на Програмата за обука за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи која ги опфаќа следните теми:

- општи прописи за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај;
- посебни одредби за превоз на опасни материи во патниот сообраќај;
- посебни одредби за превоз на опасни материи во железничкиот сообраќај;
- попис на опасни материи, посебни одредби по класи на опасни материи;
- исклучоци за ограничени количини на опасни материи;
- прописи за пакувања;
- прописи за цистерни;
- посебни одредби кои се применуваат за одредени опасни материи;
- означување,обележување,документација,одобрување на опрема и посебни известувања:
- одредби за изработка и испитување на амбалажата, цистерни и контејнери за превоз на опасни материи;
- одредби за превоз, натовар, истовар и постапување со опасните материи;
- превоз на опрема и превозни постапки и
- изработка и одобрување на возила за превоз на опасни материи.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на добивање на сертификатот за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи и содржината на програмата за обука („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/13).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-5998/1
6 август 2026 година
Скопје

Министер за транспорт
**Александар Николоски,** с.р.